Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020

Извадок на дел од дневни настани 19.03.2020

На 18.03.2020 во 16.25 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Козле", го лишиле од слобода Б.И.(19) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.03.2020 во 13.00 часот било пријавено дека на бул.„8 Септември", во близина на мостот на река Вардар, товарно возило „мерцедес", со скопски регистарски ознаки, управувано од С.Ј.(38) од Скопје, удрило во малолетен пешак од Скопје. Во незгодата, пешакот се здобил со тешки телесни повреди, по што бил пренесен во Клиничката болница „Систина" за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 18.03.2020 во 19.20 часот во Полициската станица Центар А.С.(27) од Скопје пријавила дека на кеј „13 Ноември" била касната од куче скитник во пределот на левата потколеница.

Во текот на 18.03.2020 на подрачјето на СВР Скопје, 14 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 18.03.2020 год. во 13.30 часот во Полициската станица Велес А.З.(57) од Велес пријавил дека на ул.„Јован Алабакот" бил каснат од куче скитник, во пределот на левата рака.

На 18.03.2020 во 16.40 часот, полициски службеници од Полициска станица Радовиш ги лишиле од слобода С.С.(48) и Г.Ј. (61), и двајцата од Радовиш, кои биле затекнати при вршење на кривично дело „тешка кражба" во кругот на поранешен рудник „Дамјан". Украдените предмети се одземени од лицата, а за настанот бил известен Јавен обвинител од Основно јавно обвинителство Радовиш. По документирање на случајот ќе следува поднесок.

На 19.03.2020 околу 09.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар, во центарот на гостиварското село Дебреше, привеле 7 машки лица, државјани на Р.Албанија, кои непријавено престојувале на подрачјето. Странските државјани, на возраст од 19 до 37 години, се предадени во Полициската станица Гостивар за натамошна постапка.

На 18.03.2020 во 20.52 часот во СВР Скопје, С.Б.(20) од Скопје пријавил дека во близина на мост на реката Вардар, од населба Долно Лисиче кон с.Јурумлери, скопско, додека управувал патничко возило „мерцедес", со скопски регистарски ознаки, бил пресретнат од патничко возило „голф", без регистарски ознаки, во кое со автоматско оружје биле Р.Н. с.Батинци, скопско, и уште две лица. Притоа, С.Б. скршнал од патот и излетал надвор од коловозот. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 18.03.2020 во 19.50 часот во СВР Скопје, С.Б.(52) од Скопје пријавил дека околу 18.30 часот на плоштад „Македонија" во Скопје, четири лица му одзеле пари и побегнале. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Ј.Н.(33) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторени седум кривични дела ,,тешка кражба" и ,,кражба". Во период од 24.01.2020 до 13.02.2020, пријавениот кривичните дела „тешки кражби" ги извршил на подрачјето на Охрид и околината во неколку куќи, црква и продажен објект, така што насилно влегувал и одземал пари и златен накит, додека кривичното дело „кражба" било извршено во куќа на ул.,,В.Николоски", каде пријавениот одзел златен накит.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против М.Ѓ.(70) од с.Куклиш, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешки дела против општа сигурност". На 26.01.2020 во атар на с.Раборци, струмичко, на место викано „Чепели", додека М.Ѓ. и В.В.,двајцата од с.Куклиш, како и Н.Н., М.Н., Д.Т. и Љ.Н., сите од Струмица, биле на лов на дивеч,М.Ѓ. во еден момент испукал кон дивечот, но го погодил Н.Н.(65) во пределот на градите.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет